# Правила и услови

**Краток преглед на правилата и условите**

**Само за МК. 18+.** Нема потреба од купување или плаќање. За да учествувате во натпреварот, одете на pringles.com и успешно завршете го предизвикот помеѓу 30.4.2024 г. и 20.8.2024 г. Награди: 4 x избор на одмор во Европа за 2 лица на 6 дестинации, вклучувајќи сместување за 5 ноќи, летови, трансфери до и од аеродром, избор на фудбалска или културна активност и 400 евра за трошење. Наградата му се доделува на учесникот што успешно и најбрзо ќе го заврши предизвикот во секој потпериод. Наградите се споделуваат со Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, Украина и Албанија. **Продолжен промотивен период**: Учествувајте помеѓу 21.8.2024 г. и 16.10.2024 г. Победникот ќе биде избран на ист начин и ќе има можност да освои 1 x избор од 6 одмори во Европа. Максимално 1 награда/адреса и 1 учество/дневно/по лице. Потребни се пристап на интернет, регистрирана сметка и паметен телефон/таблет со камера. За наградите важат и дополнителни услови. За целосните Правила и услови, деталите за регистрирањето и наградите, одете на Pringles.com

**Целосни правила и услови:**

1. Оваа промоција е отворена за жителите на Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Албанија, Косово, Украина СевернаМакедонија, на возраст од 18 или повеќе години, со исклучок на вработените кај промоторот, агентите, дистрибутерите или компаниите партнери на промоторот или членовите на потесното семејство (дефинирани како родители, деца, браќа и сестри, брачни другари и животни партнери и кое било друго лице со кое живеат), и секој кој професионално е поврзан со оваа промоција.

2. **Само за Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Украина:** Неопходно е купување. **Ве молиме чувајте ја сметката во која се наведени времето и датумот на купување пред учеството, но во соодветниот период на промоција, бидејќи тоа може да биде потребно за поврдување и за победникот да ја добие наградата**. Потребен е пристап до интернет, паметен телефон со камера, сметка на Poptopiaи важечка адреса на електронска пошта.

3. **Само во Северна Македонија и Црна Гора:** Потребен е пристап на паметен телефон, сметка на Kellogg's и важечка адреса на електронска пошта.

4. Имајте предвид дека иако сакаме да ве охрабриме да учествувате и да уживате во придобивките од промоцијата, веруваме во разумната потрошувачка на производите. НЕ купувајте повеќе производи отколку што разумно можете да искористите или да консумирате само за да учествувате во промоцијата.

5. **Главен промотивен период:** Учествувајте меѓу 00:01 ч. на 30 април 2024 г. и 23:59 ч. на 20 август 2024 г. Во рамките на кои ќе има посебни промотивни потпериоди

(„Потпериоди на промоцијата“) како што е наведено подолу. Пријавување може да се врши помеѓу 00:01 ч. и 23:59 ч. секој ден за време на главниот промотивен период:

| Промотивен потпериод | Време и датум на започнување | Време и датум на завршување |
|---|---|---|
| 1 | 00:01 ч. на 30.4.2024 г. | 23:59 ч. на 28.5.2024 г. |
| 2 | 00:01 ч. на 29.5.2024 г. | 23:59 ч. на 25.6.2024 г. |
| 3 | 00:01 ч. на 26.6.2024 г. | 23:59 ч. на 23.7.2024 г. |
| 4 | 00:01 ч. на 24.7.2024 г. | 23:59 ч. на 20.8.2024 г. |

6. **Продолжен промотивен период**: По главниот промотивен период, учеството меѓу 00:01 ч. на 21 август 2024 г. и 23:59 ч. на 16 октомври 2024 г. ќе влезе во продолжениот промотивен период.

7. **Упатства за тоа како да учествуваат во промоцијата само за жителите на Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Украина:** Учесниците мора:
    a. да купат лименка Pringles;
    b. со паметен телефон, да ја посетат pringoooals.com (или pringles.com и да одат до искуството Prignloooals);
    c. потоа да се најават или да регистрираат сметка на Poptopia;
    d. да кликнат на „Играј сега“; и
    e. да го завршат предизвикот („предизвикот“) во најбрзо време.

8. **Како да учествуваат во промоцијата жителите на Северна Македонија и Црна Гора:** Учесниците мора:
    a. со паметен телефон, да ја посетат pringoooals.com (или pringles.com и да одат до искуството Prignloooals);
    b. потоа да се најават или да регистрираат сметка на Poptopia;
    c. да кликнат на „Играј сега“; и
    d. да го завршат предизвикот („предизвикот“) во најбрзо време.

9. **Дополнителни услови за пријавување:**
    a. Паметните телефони што користат оперативни системи постари од iOS 14 или Android 9 и моделите на iPhone на iPhone 8 или постари може да работат побавно, што пак може да влијае врз времето на завршување на учесникот.
    b. Предизвикот може да се активира само со мобилна верзија на Safari 17.1, или понова, Samsung Internet верзија 23, или понова, или Google Chrome верзија 119, или понова. Мора да се овозможат сите апликации со JavaScript за да се активира предизвикот.

10. **Само за Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Украина:** За секое учество мора да имате нов сериски код и потврда за купување направено во текот на промотивниот период со датум и време пред времето и датумот на учеството. Победниците мора да ја зачуваат деталната сметка во која се наведени времето и датумот на купувањето направено во рамките на промотивниот период што датира пред времето и датумот на пријавување за учество, затоа што може да биде побарана во секое време заради потврдување и со цел победникот да ја добие наградата.

11. Дозволено е максимум едно учество по лице дневно за време на промотивниот период и максимум една награда по поштенска адреса во текот на сите промотивни периоди.

12. Ако учесникот, на барање на промоторот, не може да достави потврда за купување за сите поднесени пријави или доказ за сите бесплатни учества, повеќе нема да може да учествува во промоцијата и сите следни пријави ќе се сметаат за неважечки.

13. **Награди во главниот промотивен период:** За време на главниот промотивен период, има вкупно 4 награди за освојување, по 1 награда по потпериод. Секоја награда се состои од еден (1) европски одмор за победникот и за еден гостин од избор од шест дестинации, во зависност од видувањето на промоторот и од достапноста, во приближна противвредност во локална валута од 2 500 до 3 500 ЕУР (точната вредност ќе се утврди во моментот на прифаќање на наградата) во зависност од избраната дестинација, (приближно 259 243 – 362 940 ALL / RSD 292 964 – 410 150 RSD / 102 218 – 102 218 UAH). Одморот опфаќа:

    a. сместување во времетраење од 5 ноќи во хотел со 4* на избраната дестинација;
    b. повратни авионски билети од најблискиот меѓународен аеродром на победникот до избраната дестинација;
    c. повратен трансфер од аеродромот до хотелот и назад на избраната дестинација;
    d. или 1 x посета на фудбалски стадион или 1 x посета на културен настан, во зависност од желбата на победникот, избраната дестинација и достапноста;
    e. вечера во врвен ресторан во вредност од 75 ЕУР по лице на избраната дестинација за еден оброк; и
    f. Победниците од Албанија, Црна Гора, Косово, Украина и Северна Македонија ќе добијат и 400 ЕУР пари за трошење или дополнителна екскурзија во зависност од избраната дестинација само за победникот, според желбата на победникот. Победниците од Босна и Херцеговина и Србија ќе добијат 1 x 400 ЕУР картичка со е-подарок што треба да се искористи додека се зема наградата или дополнителна екскурзија во зависност од избраната дестинација само за победникот, според желбата на победникот.

14. **Награди во продолжениот промотивен период:** Во секој продолжен промотивен период може да се освои една (1) награда. Наградата се состои од еден (1) европски одмор за победникот и за еден гостин од избор од шест дестинации, во зависност од желбата на победникот и од достапноста, со приближна вредност во локална валута од 2 500 - 3500 ЕУР (точната вредност ќе се утврди во моментот на прифаќање на наградата) во зависност од избраната дестинација, (приближно 259 243 – 362 940 ALL / 292 964 – 410 150 RSD / 102 218 – 102 218 UAH) во моментот на изработка на нацртот на овие правила и услови). Види клаузула 13 (a) - (f) за детален приказ на наградата.

15. **Останати услови за наградите:**

a. Наградите ќе ги реализира Element London Ltd („агенција што ќе ја реализира наградата“).
b. Секоја награда важи за победникот и за 1 гостин.
c. Победникот ќе може да избере европска дестинација меѓу: Барселона, Лондон, Париз, Берлин, Истанбул или Милано.
d. На победниците им се нуди избор од две (2) искуства како што е предвидено, и двајцата, и победникот и гостинот мора да учествуваат во истото искуство.
e. Повратни авионски билети ќе се обезбедат од избрани поголеми меѓународни аеродроми што се најблиску до победникот во земјата на живеење или од најблискиот меѓународен аеродром во некоја соседна земја. Изборот на поголем меѓународен аеродром од којшто ќе се поаѓа зависи од промоторот и од агенцијата што ќе ја реализира наградата.
f. Вечера во некоја врвен ресторан се обезбедува во вредност од 75 ЕУР по лице, со вклучен бакшиш. Тие ќе се обезбедат или како пари за трошење преку банкарски трансфер на сметката на победникот, како претплата, или во форма на картичка со подарок за конкретен ресторан; ресторанот ќе се избере според желбата на победникот и во зависност од достапноста но по дискреција на промоторот и на агенцијата што ќе ја реализира наградата.
g. Победникот и гостинот мора да ја известат агенцијата што ќе ја реализира наградата за барањата за исхрана во текот на известувањето за организирање на реализацијата на наградата и ресторанот за време на вечерата.
h. Ако гостинот е малолетно лице, ќе мора да биде во придружба на одговорно возрасно лице и да има согласност од законскиот старател.
i. Одморот мора да се резервира во рок од 12 месеци од прифаќањето на наградата (или 24 месеци за украинските граѓани) во зависност од достапноста. Мора да се даде најава од најмалку 6 недели однапред за претпочитаниот датум на престој. Наградата не може да се искористи за време на долунаведените исклучени датуми. Не може да се резервира престој на следните датуми: Денот на вљубените, Божиќ, Нова година, Велигден, училиштен распуст и државни празници во Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Албанија, Косово, Украина, Северна Македонија и меѓу 26 јули 2024 г. и 11 август 2024 г. за тие што ќе изберат да патуваат во Париз („Исклучени датуми“).
j. Патните аранжмани, вклучително и трошоците за јавен транспорт, гориво или паркирање, од и до домот на победникот или гостинот и аеродромот на поаѓање, не се дел од наградата и се одговорност на победникот и придружникот на патувањето. За да нема забуни, наградата не опфаќа храна, пијалаци, сувенири, бакшиши, трошоци за паркирање или други трошоци од лична природа што не се изречно утврдени во овие правила и услови и ниту промоторот ниту некој друг давател на кој било дел од наградата се одговорни за таквите трошоци. Не се вклучени повратните трансфери од домот на победникот до најблискиот меѓународен аеродром.
k. Условите за конкретните активности или искуства на избраната дестинација на победникот може да се применат и за нив ќе се разговара за време на резервирањето.
l. Искуство на фудбалски стадион:
    i. Победникот и гостите мора да се придржуваат до сите правила и услови што се дел од наградата за кои ќе бидат известени за време на комуникацијата со победникот. За време на настанот/на локацијата, не смеат да: бидат пијани, алкохолизирани, под дејство на дроги, малолетни, да злоставуваат, да се закануваат, да вршат или да поттикнуваат расна злоупотреба, да потпевнуваат, да користат навредлив јазик, да прават непристојни гестови, да фрлаат предмети, да се однесуваат антисоцијално, да носат ласерски пенкала, да носат животни (освен врзани кучиња), да носат оружје или нелегални

супстанции, да носат свеќи, да се качуваат по површините, да прават прекумерна бучава, да нудат предмети за продажба, да го оштетуваат просторот или да пушат. Ако не ги почитуваат овие правила и услови, на победникот и/или гостинот може да не им биде дозволен влез или да бидат избркани од настанот/локацијата.

m. Културното и фудбалското искуство за победникот и за гостинот ќе зависи од избраната дестинација:

| Дестинација | Културно искуство | Фудбалско искуство |
|---|---|---|
| Истанбул, Турција | 1 x 30 минути тура со водич во археолошки музеј, што опфаќа влезница и водич | 1 x двочасовна тура на фудбалски стадион и тура во музеј што опфаќа професионален водич. |
| Барселона, Шпанија | 1 x двочасовно приватно пловење со едрилица | 1 x тура во стадионот на Барселона |
| Лондон, Англија | 1 x пловење по реката Темза со разгледување и со попладневен чај | 1 x приватна ВИП-тура на фудбалски стадион |
| Берлин, Германија | 1 x 80-минутна минитура со водич на хот-род | 1 x 75-минутна приватна тура на стадион |
| Париз, Франција | 1 x тура со водич во уметнички музеј со обезбеден влез без чекање | 1 x тура со водич во фудбалски стадион во Париз |
| Милано, Италија | 1 x двочасовна тура со водич за храна | 1 x ВИП-тура на фудбалски стадион |

n. Ако победникот е од Босна и Херцеговина или Србија, ќе може да избере дали сака да добие картичка со е-подарок во вредност од 400 ЕУР за да ја искористи додека ја користи наградата или 1 x екскурзија со картичка за е-подарок во вредност од 200 ЕУР само за победникот. Ако победникот е од Албанија, Црна Гора, Косово, Украина или Северна Македонија, ќе може да избере дали сака да добие пари за трошење во вредност од 400 ЕУР или 1 x екскурзија со пари за трошење само за победникот. Опциите за екскурзија ќе зависат од избраната дестинација:

| Дестинација | Опција 1 | Опција 2 |
|---|---|---|
| Истанбул, Турција | пари за трошење во вредност од 400 ЕУР/ваучер со подарок во вредност од 400 ЕУР | 1 x пловење со јахта на зајдисонце на Босфор и пари за трошење во вредност од 200 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 200 ЕУР |
| Барселона, Шпанија | пари за трошење во вредност од 400 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 400 ЕУР | 1 x тричасовна пешачка тура со тапас и вино од Барселона и пари за трошење во вредност од 200 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 200 ЕУР |
| Лондон, Англија | пари за трошење во вредност од 400 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 400 ЕУР | 1 x 90-минутна пешачка тура на стадион што опфаќа и 1 x пијалак и пари за трошење во вредност од 200 |

| | | |
|---|---|---|
| | | ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 200 ЕУР |
| Берлин, Германија | пари за трошење во вредност од 400 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 400 ЕУР | 1 x тричасовна тура за храна, со локален водич, дегустација на храна и пари за трошење во вредност од 200 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 200 ЕУР |
| Париз, Франција | пари за трошење во вредност од 400 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 400 ЕУР | 1 x 40-минутна тура во ретро мотор со приколка низ Париз и пари за трошење во вредност од 200 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 200 ЕУР |
| Милано, Италија | пари за трошење во вредност од 400 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 400 ЕУР | 1 x карти за „Дуомо“ со влез без чекање, со тура на покрив со водич, карта за автобус за разгледување на градот и пари за трошење во вредност од 200 ЕУР/картичка со е-подарок во вредност од 200 ЕУР |

o. Вклучени се сите авионски такси, доплати и едно парче пријавен багаж по лице.
p. Наградата ќе се договори преку е-пошта меѓу агенцијата што ќе ја реализира наградата и победникот. Агенцијата што ќе ја реализира ќе вложи разумен напор да му обезбеди на победникот информации за наградата во најскоро можно време. Промоторот и агенцијата што ќе ја реализира наградата го имаат последниот збор за сите елементи и аспекти за начинот на организирање на наградата. Откако ќе се потврдат деталите за наградата, вклучително и датумите и локациите, победникот не може да ги менува.
q. Одговорност е на победникот и на гостинот да си извадат на сопствен трошок осигурување (меѓу другото и здравствено и патничко осигурување, осигурување од кражба, загуба или штета на имотот) што може да биде потребно или пожелно.
r. Патните аранжмани, вклучително и трошоците за јавен транспорт, гориво или паркирање, од и до домот на победникот или гостинот и аеродромот на поаѓање, не се дел од наградата и се одговорност на победникот и придружникот на патувањето. За да нема забуни, наградата не опфаќа храна, пијалаци, сувенири, бакшиши, трошоци за паркирање или други трошоци од лична природа што не се изречно утврдени во овие правила и услови и ниту промоторот ниту некој друг давател на кој било дел од наградата се одговорни за таквите трошоци.
s. Сите награди ќе се доделат во зависност од достапноста. Промоторот го задржува правото да ја замени наградата со алтернативна награда од еднаква или поголема вредност во случај оригиналната награда да не е достапна.

t. По издавањето на билетите, тие важат само за прикажаните летови, датуми и време. Не се достапни алтернативи. Не е дозволено менување на имињата по потврдувањето на летовите.
u. Победникот и гостинот мора да се придржуваат до објавените услови на летање со превозникот.
v. Победникот нема да има право на никаков надомест и нема да бара надомест од организаторите, обработувачот или промоторот ако одморот или некој друг настан што е дел од наградата се одложи, задоцни, се презакаже или се откаже.
w. Не е дозволен пристап до чекалните за ВИП-гости и до дополнителни услуги. Летовите не може да се користат во комбинација со програми за лојалност од промоторот/некој друг, други попусти, купони за попусти или ваучери, промоции или специјални понуди. Не може да се собираат поени за чест корисник благодарение на овие авионски билети или друга програма за лојалност.
x. Седиштата од авиопревозникот зависат од достапноста.
y. Победникот и гостинот треба да имаат пасош со важност од најмалку 6 месеци на датумот на патувањето; сите потребни визи или патничко осигурување се одговорност на победникот и на гостинот. Во случај победникот или гостинот да не можат да отпатуваат поради виза или други лични околности, нема да се издадат алтернативни билети и нема да им се даде надомест или друга награда.
z. Победникот и гостинот мора да патуваат заедно во секое време, на истиот датум и во истото време, на истото патување и да ја делат истата соба во обезбеденото сместување. Победникот целосно ќе ја изгуби наградата ако не се јави на закажаната резервација и промоторот и сите други даватели на наградата нема да имаат никаква обврска кон победникот.
aa. Победникот е одговорен за сопственото однесување и за однесувањето на гостинот за време на искористувањето на наградата. Промоторот го задржува правото по свое видување да го исклучи победникот и/или гостинот од учество во кој било дел од наградата ако не се придржува до насоките од промоторот или од некоја компанија што е поврзана со наградата или ако победникот и/или гостинот постапуваат на начин што е опасен за нив или за јавноста или се однесуваат, според мислењето на промоторот, антисоцијално или на начин што ги вознемирува или им пречи на другите. Непочитувањето на овие правила и услови може да доведе до повлекување на наградата.
bb. Сместувањето е на основа на две (2) возрасни лица во двокреветна соба за 5 ноќи во градот што победникот ќе го избере од понудените. Престојот мора да вклучи и саботна вечер. Сместувањето ќе го избере промоторот по свое видување.
cc. Победникот е целосно одговорен за сите дополнителни трошоци што ќе настанат во хотелот за време на престојот, меѓу кои и, трошоци за оброци, пијалаци, дополнителни ноќи и услуги заедно со поврзаните такси.
dd. За пријавување во собата ќе биде потребна важечка кредитна или дебитна картичка и ќе се користи како гаранција за евентуални трошоци како повици во собата или услуги.
ee. Промоторот ќе го плати трошокот за стандардна соба плус поврзаните такси за собата.

ff. Наградите мора да се користат во согласност со владините насоки и правилата и ограничувањата за КОВИД-19 што важат во времето на патувањето; организирањето и дополнителните трошоци за тестирање за КОВИД-19, сместување во карантин или сè друго што може да се побара се исклучиво одговорност на победникот и на гостинот.
gg. Наградата ќе се изгуби ако:
   i. победникот не ги обезбеди сите потребни патни исправи до датумот наведен од промоторот;
   ii. победникот има некакви имиграциски компликации што го спречуваат да влезе, излезе или да патува во однапред резервираниот период; или
   iii. победникот има некаква здравствена, законска или друга причина што го спречува да ја прифати и да учествува во наградата.
hh. Парите за трошење ќе му се префрлат на победникот преку банкарски пренос. Победникот мора да има важечка сметка во банка во соодветната земја за секој учесник.
ii. Одговорност на учесникот/победникот е да даде точни, ажурирани податоци кога ќе се пријави за учество во промоцијата и/или кога ќе го потврди прифаќањето на наградата за да може да се обработи наградата. Промоторот нема да биде одговорен ако победникот не даде точни податоци и тоа ќе влијае врз прифаќањето или испораката на наградата.
jj. Одговорност на победникот и на гостинот е да проверат дали има некакви препораки за патување од страна на некоја влада, да одлучат дали сакаат да го прифатат ризикот од патувањето на дестинацијата.  Промоторот нема да биде одговорен за никаква загуба или штета што може да ја претрпи победникот или гостинот што произлегува од непочитување на препораките за патување дадени од страна на некоја влада. Победникот и гостинот мора да се придржуваат и се одговорни да ги добијат сите информации во врска со сите препорачани вакцини и да се вакцинираат и информираат за сите здравствени прописи во земјата дестинација на наградата.
kk. Сите елементи од наградата мора да се сметаат како дел од истото патување.
ll. Победникот мора да го извести промоторот за инвалидска количка или други слични потреби за пристап.
mm. Картичката со е-подарок ќе му се прати на победникот на избараната адреса на е-пошта. Таа важи 12 месеци од купувањето, датумот на важност ќе биде наведен и таа не може да се користи по тој датум. Не може да се замени ако е изгубена, украдена или уништена. Не може да се рефундира или да се замени за готовина или некој друг деноминиран ваучер; дополнителните услови и исклучоци варираат во зависност од добавувачот и за нив ќе се даде совет при резервирањето.

16. **Избор на победникот во главниот промотивен период:** Учесникот кој успешно ќе го завршат предизвикот најбрзо во секој промотивен потпериод ќе се смета за победник („Победник во потпериодот“). Недоделените награди од секоја недела ќе се префрлат во наградниот фонд за следниот потпериод.

17. **Избор на победникот во продолжениот промотивен период:** Учесникот кој успешно и најбрзо ќе го заврши предизвикот во текот на продолжениот промотивен период ќе се смета за конечен победник во продолжениот промотивен период („Конечен победник“).

18. Доколку има два или повеќе победници со исто време на завршување, тие учесници ќе бидат контактирани и ќе треба да одговорат на следново прашање: Како ќе прославите фудбалски гол?

19. Пријавите што ќе стигнат врз основа на клаузула 18 ќе ги оценува независно трето лице според:
    a. оригиналноста (оцена од можни 10);
    b. креативноста (оцена од можни 10); и
    c. хуморот (оцена од можни 10).

20. **Известување на победниците:**

    a. **Главна промоција:** Начелниот победник во секој потпериод (врз основа на најбрзо завршување на предизвикот или на одговарање на прашањето од клаузула 18) ќе биде известен по е-пошта на адресата за е-пошта регистрирана на сметката на Poptopia во рок од 28 дена од завршувањето на предизвикот на веб-страницата на Pringles или со одговарање на прашањето од клаузула 18 и од него ќе се побара да обезбеди докази за идентитетот и подобноста. Доколку начелниот победник во секој потпериод не одговори на првичниот контакт во рок од 14 дена или е дисквалификуван поради некакво прекршување на овие правила и услови, промоторот го задржува правото да ја додели наградата на следниот најбрз учесник од соодветниот потпериод.

    b. **Продолжена промоција:** Конечниот начелен победник (врз основа на најбрзо завршување на предизвикот во текот на продолжениот промотивен период или на одговарање на прашањето од клаузула 18) ќе добие известување по е-пошта на адресата за е-пошта регистрирана на сметката на Poptopia во рок од 28 дена од соодветниот продолжен промотивен период и од него може да се побара да даде доказ за идентитетот или подобноста. Доколку конечниот начелен победник не одговори на првичниот контакт во рок од 14 дена или е дисквалификуван поради некакво прекршување на овие правила и услови, промоторот го задржува правото да ја додели наградата на следниот најбрз учесник од продолжениот промотивен период.

21. По завршувањето на продолжениот промотивен период, во случај наградите да се одбиени, неиспорачани, непобарани или вратени на праќачот во текот на промотивниот период, или ако победникот во потпериодот, или конечниот победник, е дисквалификуван поради повреда на овие правила и услови, промоторот го задржува правото да му ги додели на следниот најбрз учесник што успешно го завршил предизвикот во текот на соодветниот потпериод или продолжен промотивен период во кој била доделена наградата. Бидејќи ова зависи целосно од тоа што е освоено во текот на промоцијата, не е познат бројот на награди што може да бидат доделени на овој начин. Сите победници на овој начин ќе бидат известени по е-пошта во рок од 28 работни дена од крајот на продолжениот промотивен период.

22. **Прифаќање на наградата и испорака:** Од победниците во потпериодот или од конечниот начелен победник („Начелни победници“) може да се побара да обезбедат доказ за идентитетот или подобноста. Откако начелниот победник ќе обезбеди доказ за идентитетот и подобноста, ако е потребно, треба да внимава дали ќе прими е-пошта со потврда дека е победник, како и дополнителни податоци за наградата. Дозволете до 10 дена за известување за организирање на реализацијата на наградата на адресата на е-пошта што сте ја дале при регистрирањето сметка на Poptopia.

23. Иако не се очекува, доколку е-поштата со дополнителни информации за наградата не пристигне во рок од 10 дена од известувањето на победникот, победниците ќе имаат уште 28 дена за да го информираат промоторот така што ќе ја посетат страницата Contact Us (Контактирајте со нас) на Pringles.com. Доколку победникот не го стори тоа, промоторот го задржува правото да не ја реиздава наградата или да ја ограничи нејзината вредност по сопствено видување.

24. **Посредување**: Промоторот ќе ги одбие учествата врз основа на клаузула 18 што според разумна процена на промоторот:

    a. содржат навредлива содржина или можат да влијаат негативно врз името, угледот или реномето на промоторот;
    b. клеветат, претставуваат во погрешно светло или навредуваат други лица или компании, вклучувајќи го, но не ограничувајќи се на промоторот (вклучувајќи ги неговите партнери); и/или промовираат некаква политичка агенда.

25. Одговорност на победниците е да достават точни лични податоци на нивната сметка на Poptopia за да ја подигнат наградата. Промоторот нема да биде одговорен за неиспорачување на наградата поради давање погрешни податоци. Адресата на е-пошта или поштенската адреса на победникот не може да се ажурира по пријавувањето.

26. Победниците нема да сносат никакви трошоци за подигнување на наградата или на еквивалентните бенефиции. Потрошувачот (освен во Северна Македонија и Црна Гора) може да сноси трошоци за учество во промоцијата. Победниците нема да сносат никакви трошоци за тоа што промоторот организира победникот да ја добие наградата.

27. Промоторот може да побара победниците да учествуваат во разумен публицитет што произлегува од промоцијата, вклучувајќи употреба на името на победникот, гласот, градот/областа на живеење, фотографии, видео или филмски клипови и/или други визуелни материјали за рекламни и/или трговски цели и/или за која било друга цел, во кој било медиум или формат, сега или понатаму познат, без дополнителен надомест (финансиски или друг). Учеството е на дискреција на победникот и не е услов за прифаќање на наградата.

28. Промоторот се обидува да спроведе фер и безбедни промоции и да спречи злоупотреба и мамење. Ако учествувате на начин што не е во согласност со овие правила и услови, вашите записи (и кој било од вашите поврзани псевдоними) ќе бидат дисквалификувани, секоја доделена награда може да стане неважечка и да биде повлечена, а промоторот го задржува правото да ви забрани пријавување во

идни промоции за период од најмалку шест месеци. Поради оваа причина, промоторот го задржува правото во секој момент да:

a. ја потврди подобноста на учесниците и/или привремените победници со тоа што ќе побара информации за кои смета дека се разумно неопходни за оваа цел; може да повлече учество или награда, освен ако и сè додека верификацијата не се заврши задоволително;

b. дисквалификува пријави што не се направени директно од поединецот што се пријавува во промоцијата;

c. дисквалификува пријави направени со користење анонимни услуги за е-пошта, како што се, но не ограничувајќи се на, GuerillaMail, Dispostable или Mailinator;

d. дисквалификува масовни учества од поединци, трговци, групи потрошувачи или трети страни, нецелосни учества и учества поднесени со макроа или други автоматизирани средства;

e. дисквалификува учества над максимално дозволеното, или оние кои користат техники како што се „скрипта“, „брутална сила“, маскирање на идентитетот со манипулирање со IP-адреси, користење псевдоними или идентитети различни од нивните или какви било други средства;

f. дисквалификува учества кои, на некој друг начин, не ги исполнуваат целосно барањата од овие правила и услови.

29. Учесниците мора да ги пополнат своите податоци користејќи го своето законско име. Промоторот го задржува правото да ги дисквалификува сите учесници што користат повеќе имиња или адреси на е-пошта и да бара од нив да ја вратат секоја награда што можеби ја добиле.

30. Наградите може да се пренесат на некој член на семејството или на пријател на победникот во зависност од видувањето на промоторот, но не се заменливи и не може да се подигнат во парична вредност ниту на никаков друг начин на компензација. Доколку од која било причина некој елемент од наградата не е достапен, промоторот го задржува правото, по свое видување, да ја замени со друга награда, со еднаква или поголема вредност.

31. Сите даноци што треба да се платат за да се подигне наградата се одговорност на победникот.

32. Ако промоцијата не е можно да продолжи како што е планирано од причини вклучително, но не ограничувајќи се на манипулации, неовластени интервенции, измама, нечесност, технички дефекти или какви било други причини што се надвор од контрола на промоторот, коишто ја корумпираат или влијаат на спроведувањето, безбедноста, правичноста, интегритетот или правилното спроведување на оваа промоција, промоторот го задржува правото да го дисквалификува секое поединечно лице што го попречува процесот на учество

или не ги почитува овие правила и услови, или да ги поништи сите засегнати учества и/или да ја откаже, измени или суспендира промоцијата.

33. Нема да се преземе никаква одговорност за учества кои се изгубени, одложени, оштетени, погрешно насочени или нецелосни или кои не можат да бидат испорачани поради која било техничка причина, испорака или друга причина. Доказот за испраќање нема да биде прифатен како доказ за прием. Промоторот не гарантира континуиран или безбеден пристап до промотивната веб-страница.

34. Промоторот, агенцијата што ќе ја реализира наградата и сите други поврзани агенции и компании нема да бидат одговорни за каква било загуба (вклучувајќи, без ограничување, индиректна, посебна или последователна загуба или загуба на добивка), трошок или штета што е претрпена или нанесена (без разлика дали произлегува или не од небрежност на некое лице) во врска со оваа промоција или прифаќање или користење награда, освен за одговорност што не може да се исклучи со закон. Промоторот не се ослободува од одговорност во никој случај за смрт или лична повреда настанати поради негова небрежност.

35. Промоторот нема да биде одговорен за какво било доцнење или неисполнување на обврските поради причини надвор од неговата разумна контрола кои произлегуваат, но не се ограничени на Божји дела, глобална или регионална епидемија или пандемија, неповолни временски услови, пожар, индустриски спор, војна, терористичка активност, непријателства, политички немири, бунтови, граѓански протести, чума или други природни несреќи, или какви било други околности на промоторот.

36. Се обврзуваме да ја заштитиме вашата приватност. Kellogg Europe Trading Limited (Kellogg) и агенцијата што ќе ја реализира наградата ќе ги обработуваат вашите информации само за следните цели: (1) да ја спроведе ова промоција во согласност со правилата и условите, и (2) да стапи во контакт со вас во врска со идни промоции и заради маркетиншки цели. Никогаш нема да ги продадеме вашите податоци на трети лица, но може да ги комбинираме со податоци од други извори со цел да изградиме анонимизирани/псевдонимизирани профили за насочено рекламирање. Вашите податоци ќе бидат обработени и чувани на сервери што се наоѓаат во Соединетите Американски Држави. Kellogg се погрижи сите обработувачи на информации што ги користиме да бидат обврзани според стандардните договорни клаузули на ЕУ за да осигуриме почитување на заштитата на податоците. Ќе ги чуваме вашите податоци сè додека важи вашата согласност и сè додека сакате да добивате информации за маркетинг. Имате право да пристапите до вашите податоци, да ја повлечете согласноста или да ги избришете. Исто така, имате право да стапите во контакт со надзорен орган. За дополнителни прашања за тоа како ги користиме вашите податоци, погледнете ја Политиката за приватност. Може да ни се обратите и на DataPrivacyOfficer@kellogg.com. Со сите информации собрани за учесниците во оваа промоција ќе се постапува доверливо во согласност со Политиката на промоторот за приватност, што може да се најде на:  www.pringles.com/centraleurope/en/privacy-policy.html.

37. Доколку се бара со закон или кодекси за саморегулација што го регулираат функционирањето на промоцијата, од промоторот може да се бара да сподели некои лични податоци на победниците со властите, само до степенот до којшто тоа

е во согласност со законот. Овие информации може да вклучуваат име, презиме, област на живеење на победниците или кои било други лични податоци што промоторот треба да ги сподели.

38. Ако некој дел од овие правила и услови се правно прогласени за неважечки, незаконски или неспроведливи, останатиот дел нема да биде засегнат и ќе продолжи да важи.

39. Пријавувајќи се, ќе се смета дека сте се согласиле дека сте обврзани со овие правила и услови.

40. Ако има несовпаѓање помеѓу овие правила и услови и оние во кој било промотивен материјал, овие правила и услови ќе преовладуваат.

41. Овие правила и услови се уредени со законите во соодветната земја за секој учесник, а учесниците се под ексклузивна надлежност на судовите во земјата во којашто живеат.

**Промотор:** Kellogg Europe Trading Limited, 3 Dublin Airport Central (DAC), Dublin Airport, Dublin (регистарски број на компанијата 0387390). ВЕ МОЛИМЕ, НЕ ПРАЌАЈТЕ ПРИЈАВИ НА ОВАА АДРЕСА.